# ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ
# ОД ОБЛАСТА НА ШУМАРСТВО

**Скопје, месец XXXX година**

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

# НАОД И МИСЛЕЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ШУМАРСТВОТО

## НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ

**Име/фирма/адвокат на нарачателот**

**Предмет:** Вештачење од областа на шумарство за надоместок на штета

**Вешто лице:**

XXXXX XXXXX, дипл.шум.инж, ул. XXXXX Скопје
Лиценца за вештачење од областа на шумарство број XXXXX од XXXXX, издадена од Министерството за правда на Република Северна Македонија

**Дата**

Месец XXXX година

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

СОДРЖИНА:

I. НАОД

1. Конкретни барања за шумарско вештачење
2. Процес на вештачење и превземени дејствија

II. МИСЛЕЊЕ

ПРИЛОЗИ

1. Фотографии
2. Бофорова скала на ветрови
3. Копија од Лиценца за Вешто лице издадена од Министерство за правда на Република Северна Македонија.

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

Постапувајќи по Барање на ---------- од -------- со адреса на живеење ул. --------- преку --------- ул. ------------- а врз основ на Законот за вештачење и лиценцата за вештачење од областа на шумарство број -------- од --------, издадена од Министерство за правда на Република Северна Македонија, изготвен е следниот:

# I. НАОД

## 1. Конкретни барања за шумарско супервештачење

Предмет на вештачење е дрво кое причинило материјална штета со пад врз возилото чиј сопственик е -------- од -------. Согласно барањето доставено преку полномошник адвокат ----------, со вештачењето треба да се утврди следново:

- Вид и старост на дрвото?
- Дали согласно големината на дрвото, ветер со интензитет како што е во известувањето од УХМР може да го бутне?
- Дали согласно доставените слики направени во моментот на настанување на штетата од паѓањето на дрвото истото било суво?
- Дали вертот кој бил регистриран тој ден е причина за паѓањето на дрвото?

Кон барањето за изготвување на вештачењето, доставени се следните документи:

- Потврда издадена од Биро за јавна безбедност – Сектор за внатрешни работи ------, Единица за внатрешни работи ----- бр. ------ од -----,
- Метеоролошки податоци од Управа за хидрометеоролошки работи – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. ----- од ---- година.
- Фотографии од моментот на настанување на штетата.

## 2. Процес на вештачење и превземени дејствија

За потребите на изготвување на вештачењето направен е увид на лице место и анализирани се документите доставени во предметот.

Увидот на лице место е направен на ден ----- година во присуство на ------ сопственик на оштетеното возило, при што од негова страна беше посочено местото на коешто се наоѓало дрвото кое паднало врз неговото возило. По увидот од полиција предметното дрво е отстрането и на лице место констатитано е дека на парцелата од којашто паднало дрвото останат е само дел од пањот и неколку суви гранчиња кои се обраснати со останата вегетација (поник од багреми) (слики 1,2 и 3).

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

Од ПОТВРДА-та издадена од Полициска станица од општа надлежност „-------“ бр.-------- од ------------ год. доставена во предметот, може да се констатира дека настанот е пријавен и евидентиран на ден ------- година и истиот ден е направен увид на лице место при што се потврдува дека на ул. ------ пред зграда бр.-- паднало дрво врз возило марка ПМВ „----“ и евидентирани се штетите настанати врз возилото. Во разговор со Општина ----- поточно Сектор за Месни заедници е наведено дека паднатото дрво ќе биде отстртането од нивна старна.

Во документот за метеоролошки податоци издаден од Управа за хидрометеоролошки работи по барање на адвокат ---------, се наведува дека на ден ---------- година во Градот ------- е регистриран **умерен ветер** од северо-западен правец со максимална брзина на ветрот од 6,7m/s или 24,12km/h. Според податоците од дождомерната станица -------- истиот ден имало врнежи од дожд со слаб до умерен интензитет со количина од 13,9mm (1/m$^3$). На метеоролошката станица ------- истиот ден времето било облачно и врнежливо со количина на врнежи од 9,5mm (1/m$^3$) односно 3,4mm (1/m$^3$) наредниот ден.
Според стандардите поставени од Светската метеоролошка организација за ден со обилни врнежи се сметаат врнежи со количина ≥10,0mm.

## II. МИСЛЕЊЕ

Со увидот на лице место, како и со анализа на доставените документи и фотографии може да се даде следното мислење, по поставените прашања:

1. Од доставените фотографии направени на денот на настанот може да се утврди дека дрвото што е предмет на ова вештачење е од видот **бреза** којашто евидентно од сликите била **сува**, но бидејќи при увидот на лице место не можеше да се види дрвото кое е отстрането после паѓањето, не може да се земе примерок за да се избројат годовите, од фотографиите возраста на истото не може да се утврди.
2. Според Бофоровата скала на ветрови и видливите знаци на дрвјата при одредена брзина на ветрот (доставена во прилог) евидентно е дека при слаб до умерен ветер се движат помалите гранки на дрвјата но ветер со таква јачина не може да скрши дрво. Имајќи во предвид дека согласно доставеното известување од УХМР констатиран е **умерен ветер**, сметам дека таков ветер неможел да го скрши дрвото ако истото не било суво или труло.
3. ~~1.~~ Од фотографијата приложена во предметот видливо е дека при основата дрвото било труло, па несомнено паѓањето на дрвото е заради тоа што било суво . Сметам а и во пракса е потврдено дека брезите кога се суви паѓаат и без да постојат одредени надворешни услови како посилен ветер, обилни врнежи и сл.

4 .Имајќи ги во предвид сликите доставени од лице место каде се гледа дека дрвото е суво, сметам дека дрвото морало да биде обележано за сечење и исечено од надлежните служби пред да падне и ова мислење е поткрепено со издвоените членови од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на РМ бр.11/2018 од 18.01.2018) и Правилникот

за планирање проектирање, подигање и одржување на зеленилото бр.13-5053/1 од 25 септември 2019 година (сл.в бр 205 од 07.10.2019). Па така:

Според Закон за урбано зеленило :

- **Надлежност за управување со зеленилото** во чл. 12 ст. (1) *Управувањето со зеленилото, што подразбира подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото, е во надлежност на општината, општините во градот Скопје, градот Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање*, и ст. (6) *издава решенија во согласност со овој закон*. Во чл.13 се вели: *Подигање, одржување, заштита и реконструкција на јавното зеленило врши јавно претпријатие основано од општината или градот Скопје, или правно лице регистрирано за вршење на овие дејности согласно со закон.*

**- Одржување на зеленилото** - Во чл.29 ст.1 од законот се вели: *Постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност,* (2) *Врз основа на поднесеното барање од ставот (1) на овој член, општината или градот Скопје се должни во рок од седум дена да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење*, *односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“). (3) Со решението од ставот (1) на овој член се определува извршителот и рокот во кој истото ќе се спроведе, согласно со Правилникот од членот 12 став (3) од овој закон. (4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање.*

- **Зелен катастар - Член 32**

*(1) Заради заштита на зеленилото, општината или градот Скопје формира зелен катастар.*

*(2) Во зелениот катастар од ставот (1) на овој член, дрвата, грмушките и другите повеќегодишни растенија се евидентираат според бројот, видот, возраста, состојбата и локацијата.*

*(3) Катастарот ги евидентира сите зелени површини, дрва, останати насади, инфраструктура во функција на зеленилото, ретки, ендемични, реликтни видови, како и капитални примероци од дрва кои подлежат на посебна заштита како природно и културно наследство, независно од нивната сопственост, но и придружните содржини на зелените површини (парковски, градинарскоурбанистички и други содржини) и претставува нивна лична карта.*

*(4)* ***Општината или градот Скопје редовно го ажурира зелениот катастар.***

*(5) Зелениот катастар е јавен документ, достапен на јавноста.*

*(6) Формата и начинот на водење на зелениот катастар се пропишани со Правилникот од членот 12 став (3) од овој закон.*

- ***Забранети активности на јавни зелени површини***

*Член 33*

*(1) На јавните зелени површини не е дозволено:*
*- корнење, **сечење и кастрење дрвја**, грмушки и жива ограда,*

***- Дозволени активности на јавни зелени површини***
*Член 34*
*(1) Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.*
*(2) Работите од ставот (1) на овој член се вршат само врз основа на решение издадено од општината или градот Скопје од членот 29 од овој закон, со кое се утврдуваат условите и начинот за извршените работи.*

- ***Прекршочни одредби***
*Член 51*
*(1) Одговорност за штета настаната над објекти или возила поради паднато оштетено дрво или гранка, освен над бесправно изградените објекти и непрописно паркирани возила, сноси извршителот на работите за одржување на зеленилото, на кој, согласно со членот 29 од овој закон, му е издадено решение за сечење или кастрење од страна на надлежен орган, а кој по истото не постапил по истекот на рокот определен во решението.*
(2***) Штети во смисла на ставот*** *(1) на овој член* ***<u>се сите штети кои не се настанати како резултат на елементарни непогоди: земјотрес, поплава, неповолни временски услови (ветер, дожд, снег, град, гром и друго), кои се утврдуваат врз основа на податоци од Управата за хидрометеролошки работи.</u>***

Според Правилникот за планирање проектирање, подигање и одржување на зеленилото во делот ЗЕЛЕН КАТАСТАР

Член 4

*(1) Заради заштита на зеленилото, општината или градот Скопје формира зелен катастар.*
*(2) Со Зелениот катастар се врши евидентирање на:*
   *а) површината на урбаното зеленило според намената и типот утврдени со член 8, 9, 10 и 11 од Законот за урбано зеленило*

   *б)* ***локацијата и атрибутите/карактеристиките на секое одделно дрво*** *и грмушка што се засадени на овие зелени површини и тоа како минимум:*

      *1. матичен број*

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

2. *типологија на видот, утврдена со неговото латинско и народното име*
3. *висина*
4. *ширина на крошната*
5. *старост*
6. ***состојба (здравје, или индикација за болест)***
7. ***потребна интервенција на дрвото, кастрење или сечење во краен случај***
8. *друго, во зависност од карактеристиките на видот.*

Сметам дека доколку одредбите од законот и правилникот биле применети немало да настане предметната штета

Вешто лице

----------------------------, дипл.шум.инж.

**ПРИЛОГ**

Слики од увид на лице место (1-3)

Слики од лице место на денот на настанот

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .

Бофорова скала на ветрови

**BOFOROVA SKALA VETROVA**

| SKALA | OPIS | BRZINA VETRA | | | VIDLJIVI ZNACI | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | m/s | km/h | čvorova | NA KOPNU | NA MORU |
| 0 | tišina | 0-0,2 | <1 | <1 | dim se uzdiže uspravno, lišće se ne pomera | ravna površina-kao ogledalo |
| 1 | lahor | 0,3-1,2 | 1-5 | 1-3 | dim se uzdiže koso, vetrokazi ne reaguju | namreškana površina |
| 2 | povetarac | 1,3-2,6 | 6-11 | 4-6 | vetar se oseća na licu, lišće šušti, vetrokaz pokazuje smer vetra, lagane zastave se ne razvijaju | mali talasi |
| 3 | slab vetar | 2,7-4,3 | 12-19 | 7-10 | lišće se neprekidno pomera, lagane zastave se razvijaju | kreste talasa počinju da se lome |
| 4 | umereni vetar | 4,4-6,2 | 20-28 | 11-16 | većina zastava se vijori, pomeraju se manje grane, diže se prašina, lete papirići | dužina talasa raste, česte ovčice |
| 5 | umereno jak vetar | 6,3-8,4 | 29-38 | 17-21 | malo listopadno drveće se povija, krošnje sveg drveća se pomeraju | mnogo kresti koje se lome |
| 6 | jak vetar | 8,5-10,9 | 39-49 | 22-27 | njišu se velike grane, telefonske i strujne žice zvižde | stvaraju se veliki talasisa penastim krestama i kapljicama |
| 7 | vrlo jak vetar | 11-13,5 | 50-61 | 28-33 | svo drveće se povija, hodanje u vetar je zamorno | gomilanje talasa, pena leti niz vetar |
| 8 | olujni vetar | 13,6-16,3 | 62-74 | 34-40 | grančice se lome, hodanje je veoma teško | visoki talasi, pena leti |
| 9 | oluja | 16,4-19,2 | 75-88 | 41-47 | otkidaju se crepovi i dimnjaci, lome se plotovi | visoki penasti talasi sa razlomljenim krestama |
| 10 | jaka oluja | 19,3-22,4 | 89-102 | 48-55 | čupa se drveće iz korena, velika oštećenja na zgradama | izrazito veliki talasi slomljenih kresti, pena |
| 11 | orkanska oluja | 22,5-25,7 | 103-117 | 56-63 | ozbiljna oštećenja | ekstremno visoki talasi, smanjena vidljivost |
| 12 | orkan | 25,8-29,1 | >117 | >63 | uništavajuće dejstvo | ogromni talasi, more potpuno belo, vidljivost minimalna |

Умножување на наодот , освен во целост не е дозволено. .